Врз основа на член 15 точка 4 од Статутот на ЈКП "Водовод" – Битола, член 27 и 33 точка 4 од Деловникот за работа на Управниот одбор а согласно доставеното Мислење во врска со Извештајот за стопанското работење на ЈКП „Водовод" - Битола за 2025 год. од Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење во ЈКП „Водовод" - Битола, Управниот одбор на ЈКП "Водовод" – Битола на седницата одржана на ден 12.03.2026 год. ја донесе следната:

О Д Л У К А

за усвојување на Извештајот за стопанското работење
на ЈКП "Водовод" – Битола за 2025 год.

1. Согласно Извештајот за стопанското работење на ЈКП „Водовод" - Битола за 2025 година, Претпријатието ја заврши годината со негативен финансиски резултата од 53.873.258,00 денари.

2.Се усвојува во целост Извештајот за стопанското работење на ЈКП „Водовод" – Битола за 2025 год.

3. Извештајот за стопанското работење на ЈКП „Водовод" – Битола за 2025 год. е составен дел на Одлуката.

4. Составен дел на Одлуката е и доставеното Мислење од Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈКП „Водовод" - Битола.

5. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето

6. Примерок од Одлуката заедно со Извештајот за стопанското работење на ЈКП „Водовод" - Битола за 2025 година, ќе се достави до Советот на Општина Битола.

О б р а з л о ж е н и е

Управниот одбор на ЈКП „Водовод" – Битола на седницата одржана на ден 12.03.2026 год. разгледувајќи го Извештајот за стопанското работење на ЈКП „Водовод" - Битола за 2025 год. а по претходно прибавеното Мислење од страна на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈКП „Водовод" – Битола, едногласно одлучи како во диспозитивот на одлуката

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА У.О

Ицо Велјановски

Јавно комунално претпријатие
"ВОДОВОД" д.о.
БР. 02-223/3
12.03 2026 ГОД.
БИТОЛА

До

Управниот одбор на ЈКП Водовод Битола

Предмет: Мислење од Надзорниот одбор на ЈКП Водовод Битола, во врска со прегледаниот Годишен извештај за стопанското работење на ЈКП Водовод Битола за 2025 година

Врз основа на член 27 ст. 3 од ЗЈП, чл. 18-а ст. 3 од Статутот на ЈКП Водовод Битола а во врска со член 7, 8 и 9 од Деловникот за работа на Надзорниот одбор во ЈКП Водовод Битола, Надзорниот одбор на својата седница одржана на ден 12.03.2026 година го разгледа подетално Извештајот за стопанското работење на ЈКП Водовод Битола за 2025 година.

Согласно Извештајот за стопанско работење на ЈКП Водовод -Битола за 2025 година, ЈКП ВОДОВОД Битола за 2025 година ја заврши со негативен финансиски резултат од 53.873.258,00 денари. Оперативното работење не овозможи покривање на севкупните расходи, а со тоа не овозможи реализација на зацртаната програма и планот за работа за 2025 година.

Надзорниот одбор му предлага на Управниот одбор да го усвои Извештајот за стопанското работење на ЈКП Водовод-Битола онака како што е презентиран, претпоставувајќи дека сите позиции во Извештајот за стопанско работење се точно внесени и реално ја искажуваат состојбата.

Примерок од ова Мислење, согласно Законот за јавни претпријатија, Статутот на ЈКП Водовод Битола и Деловникот за работа на Надзорниот одбор, заедно со Извештајот за стопанското работење на ЈКП Водовод Битола, ќе се достави до Советот на Општина Битола.

Надзорен Одбор

Димитар Аневски – Претседател

АлександраЈаковиќ-зам.претседател

Михајло Свидерски-член

Јавно комунално претпријатие "ВОДОВОД" д.о. 1 БИТОЛА